КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-72/5
13.02.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 109 од Законот за градење, член 12 од Статутот на Комората, Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во натамошниот текст Комора) на седницата на 13.2.2021 година го донесе следното

# УПАТСТВО

за избор на членовите на Управниот одбор на Комората на овластени архитекти и овластени инженери

## Општи одредби

### Член 1

(1) Членови на Управниот одбор на Комората на овластените архитекти и овластените инженери се раководителите на професионалните одделенија во Комората, согласно член 111 од Законот за градење и одредбите од став 2 од ова упатство.

(2) Со оглед дека постои голема диспропорција во бројот на активни членови по одделенијата, Управниот одбор го сочинуваат перманентни и ротациони членови.

Перманентни членови на Управниот одбор се:

1. Претседателот на Комората
2. Потпретседателот на Комората
3. Раководителите на петте професионални одделенија со најголем број матични членови, согласно официјално дадените податоци до Собранието на Комората на собранискиот состанок кога се распишуваат изборите[1] .

Ротациони членови на Управниот одбор се

4. Еден претставник од сите останати помали професионални одделенија, кој ротира во рамките на четиригодишниот мандат.

(3) Согласно член 14 став 3 од Статутот на Комората, мандатот на членовите на Управниот одбор трае четири години, односно до избор на нови членови, со право на само уште еден повторен избор, без разлика дали повторниот избор е последователен или не. Мандатот од став 2 точка 4 од овој член, исто така трае 4 години, а носителот на функцијата ротира од различни помали професионални одделенија, со цел правична застапеност на сите помали одделенија во Управниот одбор на Комората.

[1] Во изборната 2021 година, пет најголеми одделенија се градежништво, архитектура, електротехника, машинство и урбанизам.

(4) Член на Управниот одбор на Комората не смее истовремено да биде и претставник од одделението во Собранието на Комората.

(5) Во случај кога за член на Управниот одбор е избран претставник од Собранието на Комората, на предлог од раководителот на одделението од каде е извршен изборот, се назначува нов претставник во Собранието на Комората. Собранието на Комората треба да го верификува овој мандат.

(6) На состаноците на Управниот одбор на Комората присуствуваат и Претседавачот на Собранието на Комората и Генералниот Секретар на Комората, обајцата без право на глас, како и записничар за состанокот без право на глас.

(7) По потреба, Управниот одбор може да повика надворешни гости на своите работни состаноци.

(8) Управниот одбор се состанува по потреба, најмалку еднаш во месецот.

(9) Утврдувањето на кандидатурите за избор на Управниот одбор на Комората ги спроведува изборна комисија именувана од Собранието на Комората.

(10) Изборната комисија од став 9 од овој член ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните членови на комисијата.

## Избор на членови на Управниот одбор на Комората

### Член 2

(1) Избраните раководители на одделенијата од став 2 точка 3 од ова упатство се формални предлози до Собранието на Комората за членови на Управниот одбор на Комората (вкупно 5 претставника).

(2) Управниот одбор донесува одлука за распоредот на ротирањето на одделенијата од став 2 точка 4 од ова упатство, и со тоа го утврдува додатниот претставник во Управниот одбор. Доколку ваква одлука не е претходно донесена, распоредот го дава новоизбраниот Претседател на Комората.

(3) Претставниците во Собранието на Комората со јавно гласање ја избираат целата листа на членови на Управниот одбор на Комората, со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни членови на изборното Собрание на Комората.

## Жалбена постапка

### Член 3

(1) Право на жалба во изборниот процес на членовите на Управниот одбор на Комората имаат сите претставници од Собранието кои биле присутни на изборниот состанок на Собранието на Комората, најдоцна до завршување на изборниот состанок. Жалбата се најавува јавно и усно, а се поднесува и писмен поднесок со кратко образложение за жалбата, кој задоложително вклучува објаснување која одредба од кој правен акт е повредена.

(2) Жалбената постапка ја води Комисијата од член 1 став 9 од ова упатство. Комисијата за жалби донесува одлука на самиот изборен состанок, а само во исклучителни ситуации, кога објективно не може да се донесе одлука во овој рок, рокот за одлука од комисијата се продолжува најмногу до 7 дена од приложената жалба.

## Разрешување на член на Управниот одбор

### Член 4

(1)Управниот одбор може да побара од Собранието на Комората разрешување на член на Управниот одбор.

(2)Во случај кога членот на Управниот одбор е разрешен од Собранието на Комората, матичното одделение од каде потекнува разрешениот член, задолжително, на повик на Претседателот на Комората, а во негово отсуство Потпретседателот на Комората, се состанува во рок од 30 дена од денот на разрешување и избира нов раководител на одделението и член на Управниот одбор на Комората.

(3)Во случај кога одделението не назначи нов раководител на одделението согласно став 2 од овој член, Претседателот на Комората, а во негово отсуство Потпретседателот на Комората назначува вршител на должност раководител на одделение и член на Управниот одбор, чиј мандат трае се до назначување на раководител од страна на професионалното одделение, но не подолго од 6 месеци.

(4) Мандатот на вака новоизбраниот раководител на одделение и член на Управниот одбор на Комората го верификуваат членовите на Собранието на комората на електронска или пленарна седница, согласно деловникот за работа на Собранието на Комората и трае до завршувањето на мандатот на веќе избраните членови на постојниот Управен одбор.

## Преодни и завршни одредби

## Член 5

(1)Во случај кога од било кои причини не е избран нов Управен одбор на Комората, на постојните членови на Управниот одбор им продолжува мандатот до избор на нов Управен одбор.

(2) Новата постапка за избор на Управен одбор се закажува најдоцна во рок од 6 месеци од последниот состанок на кој не е извршен избор на членови на Управен одбор.

(3)Ова упатство влегува во сила на денот на негово усвојување од Собранието на Комората и се објавува на веб страната на Комората.

(4)Со влегувањето во сила на ова упатство, престануваат да важат сите претходни одлуки кои ја регулирале материјата регулирана во ова упатство.

Скопје, 13.2.2021

Претседавач на Собранието на Комората

М-р Ива Џагора